# росица

Бесплатен примерок
Број 8/2026

# ПРИЛОГ ЗА РОДИТЕЛИ

НЕКОНТРОЛИРАНО МОКРЕЊЕ КАЈ ДЕЦАТА – ЕНУРЕЗА
## СО УБАВ ЗБОР, ТРПЕНИЕ И МНОГУ ЉУБОВ

ПРЕДМАТЕМАТИЧКИ ВЕШТИНИ
## ПРЕД ПРАГОТ НА ПРВОТО ОДДЕЛЕНИЕ

## ШАРЕНИОТ СВЕТ НА РАЗЛИЧНОСТИ



НЕКОНТРОЛИРАНО МОКРЕЊЕ КАЈ ДЕЦАТА - ЕНУРЕЗА

# СО УБАВ ЗБОР, ТРПЕНИЕ И МНОГУ ЉУБОВ

ПОЧИТУВАНИ РОДИТЕЛИ, МОЖЕБИ СТЕ ЗАГРИЖЕНИ ЗАТОА ШТО ВАШЕТО ДЕТЕ ПОНЕКОГАШ ИЛИ ЧЕСТО НЕКОНТРОЛИРАНО МОКРИ ЗА ВРЕМЕ НА СПИЕЊЕТО ПРЕКУ НОЌ ИЛИ ВО ТЕКОТ НА ДЕНОТ. ОВА Е НЕПРИЈАТНА СОСТОЈБА ЗА КОЈА РОДИТЕЛИТЕ ИЗБЕГНУВААТ ДА ЗБОРУВААТ, НО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ДЕКА ОВА ИМ СЕ СЛУЧУВА НА ОКОЛУ 5—10 % ОД ДЕЦАТА ДО СЕДУМГОДИШНА ВОЗРАСТ.

НЕКОНТРОЛИРАНОТО МОКРЕЊЕ И ПРЕОСТАНАТИТЕ ТЕШКОТИИ ПОВРЗАНИ СО МОКРЕЊЕТО ПРЕТСТАВУВААТ ГОЛЕМ ПСИХОЛОШКИ ПРОБЛЕМ ЗА ДЕЦАТА, ТИЕ СЕ ПОВЛЕКУВААТ ВО СЕБЕ, ОДБИВААТ ДА СЕ ДРУЖАТ СО ВРСНИЦИТЕ ПОРАДИ СТРАВ ОД НЕНАМЕРНО МОКРЕЊЕ, РОДИТЕЛИТЕ ЧЕСТО ПОРАДИ НЕДОВОЛНА ИНФОРМИРАНОСТ, НЕПРАВЕДНО ГИ КАЗНУВААТ ДЕЦАТА СО ШТО ДОПОЛНИТЕЛНО ИМ ЈА ЗГОЛЕМУВААТ ПСИХОЛОШКАТА НАПНАТОСТ.

**Енуреза е** неконтролирано мокрење на детето повеќе од двапати во текот на месецот и тоа по возраста кога е веќе воспоставена нормална контрола на мочниот меур(4-6 години) во „отсуство“ на конгенитални или стекнати дефекти на мочниот меур. **Постои дневна и ноќна енуреза.** Поретки се случаите на уринарна инконтиненција(губење на контрола на мочниот меур) и дење и ноќе што, пак, претставува мешана енуреза. За дневна енуреза зборуваме односно се однесува за деца над 4-годишна возраст, а ноќна кај деца над 6-годишна возраст.

ТРАДИЦИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА ЕНУРЕЗАТА СЕ ВРШИ НА ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА.



Кога станува збор за примарната енуреза типично е невоспоставувањето на контрола на мочниот меур од раѓањето, на секундарната енуреза својствено ѝ е нарушување на контролата по континуирано сув период во траење од период подолг од 6 месеци.

Иако повеќето деца со енуреза се здрави деца и не е потребно лекување таа (дневната енуреза) често знае да биде предизвикана и од намерно задржување на урината односно игнорирање на сигналот на телото дека мочниот меур е полн. Но сепак постојат и органски причини за појава на енуреза како на пример инфекции, анатомски абнормалности на уринарениот систем, стресот, анксиозноста итн.

ЛЕКУВАЊЕ



Лекување не е потребно кај поблагите случаи бидејќи повеќето деца природно ја надминуваат оваа состојба. Но ако енурезата влијае лошо врз самопочитта на детето треба да се размисли за примена на лекување.

ТРЕТМАНОТ КАЈ НОЌНАТА ЕНУРЕЗА БАРА ПРИМЕНА НА НЕФАРМАКОЛОШКИ И ФАРМАКОЛОШКИ МЕРКИ.



Во нефармаколошки мерки спаѓаат рестрикција на течности во вечерните часови, будење и измокрување, психотерапија и диетна терапија. Исто така и тренингот на мочниот меур, што подразбира планирано носење на детето во тоалет, со постепено зголемување на временскиот интервал, на пример: на секои два часа, со цел детето да се навикне на долготрајно задржување на урината, којашто ќе помогне и на зголемување на мочниот меур. Исто така се покажало и дека употребата на аларм системите се најефикасно средство за благовремено будење и инхибирање на уринирањето со високи 70% на излечени случаи.



### ДОПОЛНИТЕЛНИ СОВЕТИ ШТО МОЖЕ ДА ГО ПРИМЕНАТ РОДИТЕЛИТЕ ЗА ДА МУ ПОМОГНАТ НА ДЕТЕТО СЕ:

- Детето никако не смее да се казнува поради мокрењето во кревет и на несоодветни места, туку е потребно трпеливост и позитивен став на учењето не детето за користење на нокшир и тоалет, охрабрувајќи го и изразувајќи доверба во него;
- Вклучето го детето во менување на мокриот чаршав заедно со вас, секогаш користете убава и пријатна постелнина со што ќе му покажете дека имате доверба во детето за надминување на состојбата, затоа што користењето на стара постелнина, поставување дополнителни „крпи“ кај дете за да се избегнат непријатни негативни чувства:
- Никогаш за „ проблемот“ не разговарајте со други лица во присуство на детето, ако го запишувате во градинка, запознајте ги воспитувачките со тешкотиите со кои се среќава вашето дете како би се избегнале непријатни ситуации за време на престојот во градинка.

Ако оваа состојба не се надмине во одреден период, или пак се зголемува бројот на неконтролирано мокрење тогаш за успешно надминување на овој проблем потребно е задолжителна посета, консултации и препораки од лекар за понатамошно постапување и лекување.

Татјана Петрова, дипломирана медицинска сестра

# ПРЕДМАТЕМАТИЧКИ ВЕШТИНИ
# ПРЕД ПРАГОТ НА ПРВОТО ОДДЕЛЕНИЕ



Поимот предматематички вештини се однесува на низа знаења и постапки кои децата ги усвојуваат пред поаѓање во училиште, а кои ќе им бидат потребни за разбирање на математиката кога ќе станат првачиња.

### ДЕТЕТО ВО ПРЕДУЧИЛИШНАТА ВОЗРАСТ ГИ УЧИ:

- Просторните односи (внатре - надвор, горе-долу, над - под);
- Односи на предмети (големо - мало, лесно - тешко);
- Својства на предмети (меко - тврдо, топло - ладно);
- Количина (дали двете групи предмети се еднакви или некоја група е поголема или помала);
- Поимот број (броење, пребројување, поврзување на број и количина).

### СИТЕ ОВИЕ ЗНАЕЊА ДЕЦАТА ГИ СТЕКНУВААТ НИЗ ИГРА, ДВИЖЕЈЌИ СЕ НИЗ ПРОСТОРОТ, БАРАЈЌИ ПРЕДМЕТИ - ВРТЕЈЌИ СЕ, СПОРЕДУВАЈЌИ.

Најлесно и наједноставно - со помош на секојдневните обврски и активности. Колку пати сте ги пребројувале скалите додека ги качувате со своето дете? Колку пати сте ги пребројувале копчињата на блузичката на детето додека сте го облекувале? Сето тоа укажува дека секојдневието претставува основа за разбирање. на математиката.

Раната изложеност на броевите и математичките концепти, поттикнуваат позитивен став кон броевите, и претставува основна алка за подготовката на детето за во училиште.

Децата, уште од најмала возраст може да ги поттикнувате со читање приказни каде што има броеви, какви што се објавуваат во секој број на списанието „Росица“.

Во текот на читањето менувајте го тонот на гласот за да ги опишете концептите (на пр. со длабок глас изговорете ги поимите што опишуваат нешто големо и тивко, а со тенок глас поимите што опишуваат нешто мало).

Во секојдневни ситуации пребројувајте, опишувајте му ги на детето работите од околината. (на пр. „Зедов две банани“).

### УШТЕ НЕОЛКУ НАСОКИ, КОИ МОЖЕ ДА ВИ ПОМОГНАТ ЗА ПОЛЕСНО УСВОЈУВАЊЕ НА МАТЕМАТИЧКИТЕ ПОИМИ И КОНЦЕПТИ.

- Поттикнете го своето дете да ги споредува големините на камењата обликот на дрвјата и листовите;
- Пребројувајте ги чекорите од лулашката до тобоганот и од тобоганот до клупата;
- Детското внимание насочете го на куќните броеви на зградите и куќите;
- На лист хартија нацртајте различни геометриски фигури и заедно со детето пронаоѓајте ги во природата или домот. (на пр. „Триаголникот е како покрив, кругот е како чинија);

Броевите и математиката се важен аспект од нашиот живот, затоа научете ги децата правилно да го изговараат секој број, а потоа поттикнувајте ги децата на активности во кои ќе бројат, пресметуваат и спроведуваат низ игра. Но, никогаш не заборавјте да ги пофалите кога тоа успешно ќе го направат. Така ќе ги охрабрите за да учествуваат и понатаму во нив и да бараат нови математички предизвици. За почеток, обидете се со приказните за мечето Теди, кои може да ги прочитате во секој број на списанието „Росица“.

Сања Нечовска, логопед

# ШАРЕНИОТ СВЕТ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ

Во градинка најважно и најубаво е другарувањето меѓу децата. Едно дете запознава многу други деца. Се запознаваат со сите свои различности: имиња, различни возрасти, различни полови. Различна боја на кожата, очите и косата. Различна должина на косата - кратка и долга, различна висина и тежина, различни белези на лицето и телото, различни потреби и интересирања, способности и умешности, различни јазици на комуникација. Има деца што носат очила, други, апаратче во увото. Некои од нив се во количка. Тука се и деца на кои им е потребна помош за да можат некои работи подобро да ги направат (говор, игра со други деца, учење, различни развојни нарушувања).

Градинката е како градина со разновидни цвеќиња, шарен свет од деца. Секое дете е посебно и важно на свој начин затоа треба да е прифатено и сакано. Љубовта треба да се изразува во зборувањето, а убавото однесување е водилка, нишка што ги поврзува и доближува луѓето. Важно е она што го носиме во себе. Родителите се првиот модел во однесувањето на своето дете. Воспитните ставови и насоки ги обликуваат чекорите во градењето на свет каков што сакаме.

Кога се запознаваме со нова личност го забележуваме изгледот, ни привлекува внимание лицето, очите, насмевка ... Видлив белег на дел од лицето поттикнува интерес, љубопитство, прашања. Како реагираме?

ЕВЕ КАКВИ СЕ ИСКУСТВАТА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР ВО ГРАДИНКАТА:

- Јас имав ваков случај во мојата група пред неколку години. На децата им објаснив дека на девојчето тоа му е нешто природно, не е ништо чудно, секој по нешто се разликува. Децата тоа го прифатија и повеќе не прашуваа и не го забележуваа белегот;

- Ќе го прифатиме како детенце кое има посебно убав белег, ќе кажеме дека тоа е бакнеж од мешето на мама. Додека било во стомакот на мама било многу бакнувано и сакано, па така овој белег останал за убав спомен. Затоа сега ова детенце е посебно убаво и сите ќе го сакаме.

- Гушкање пред сè. Поздравување и претставување во групата. Бакнеж за детето. Децата се љубопитни и прашуваат што е тоа. Објаснувам дека тоа е дете што е исто како сите деца ама има голема задача да биде херој и да им помага на сите, затоа има белег со кој се препознава дека тоа е јунакот во нашата група. Како што го препознаваме Спајдермен или Супермен по нивниот костим, така го препознавме другарчето по неговиот белег. Детето со белег нема потреба да се крие и глуми херој, тој е вистински херој и другар.

- Ќе одржиме активност на која ќе разговараме за сличности и разлики помеѓу децата. Ќе ги насочам размислувањата дека токму разликите се тие што ги прават децата да се посебни секое за себе.

- Доаѓањето на новото дете би го примила најнормално со голема љубов и топлина. Ќе им објаснам дека детето е така родено, и дека тоа не е болест, но дека не треба да го допираме по лицето и не треба да му се смееме. Сите ние имаме некој белег на телото, рацете, нозете, ова другарче има на лицето.

- Ќе им кажам дека некои деца од раѓање носат белег на лицето или друг дел од телото. Ако прашуваат што е тоа белег, ќе им објаснам дека тоа е како кога лепиме тетоважи од мастиките чунга-лунга или стикери.

- Ако забележам дека децата почнуваат да се потсмеваат ќе им го раскажам народното верување – мајката многу сакала јагоди, додека бебето било во стомакот на мајката, еден ден без да праша во туѓа градина берела црвени јаготки, од нив рацете и биле црвени, се фатила за лицето, така и нејзиното бебе станало црвено на образчето. Друга приказна со црвените рози. Или со црвениот кармин од бакнежот на мама, а детето не сакало да го избрише.

- Секое дете има свои белези, некои се гледаат, некои не. Како срната што има бели точки по телото, така некои деца имаат белези по телото. Секој си го носи на себе и најубаво му стои.

- Ќе одржам активност на која ќе зборувам за различностите кај луѓето и дека затоа сите сме убави бидејќи сме различни. Нема да го потенцирам белегот, но ќе одговорам на поставените прашања.

- Доволно е внимателно да се разговара и да се развива позитивно размислување. Децата треба да се учат да делат со другарчињата, да помагаат, да се сакаат.

ВОЗРАСНИТЕ ТРЕБА ДА ОДГОВОРАТ НА ЉУБОПИТСТВОТО НА ДЕТЕТО, СО КРАТКО ОБЈАСНУВАЊЕ ЗА РАЗЛИЧНОСТИТЕ ВО НАШИОТ ИЗГЛЕД, НО ФОКУСОТ ТРЕБА ДА СЕ НАСОЧИ КОН ЗАЕДНИЧКОТО ДРУГАРУВАЊЕ, ЕМОЦИИТЕ И ИНТЕРАКЦИЈАТА.

Низ заедничка соработка родителите и кадарот во градинката ќе му помогнат на секое ново дете во прилагодувањето и вклопувањето во групата. На секое дете треба да му се помогне да развива реална слика за себе. Разновидноста на програмските активности во градинката дава можност да се разговара за силните и слабите страни на секое дете, различните интересирања, стилови на учење, постигнувања, таленти, креативност, потреба да се помогне во некоја задача, прилагодување на индивидуалното развојно скалило.

Културата на однесување се покажува и учи во семејството. Возрасните ја носат одговорноста за одобрување на размислувањето и однесувањето во врска со прашањето на еднаквоста и различноста помеѓу луѓето. Но најважно од сè е семејството и градинката да ги усогласат погледите и воспитните ставови за да прифати и практикува детето афирмативни пораки пораки за својата улога во потесната и пошироката средина што го опкружува.

Славица Благоеска, психолог,
ОЈУДГ „Детска радост“, Скопје



детска радост

Прилог за родители 2026
Бесплатен примерок бр. 8
ПРОСВЕТНО ДЕЛО АД - Скопје
За издавачот
Генерален директор:
м-р ПАВЛЕ ПЕТРОВ
Издава: Редакција „Детска радост“

Прилозите во овој број „Прилог за родители“ се од архивата на РОСИЦА списание за најмали.
Одговорен уредник:
КСЕНИЈА ТРАЈЧЕВА
Ликовно-графички уредник:
НАТАЛИ НИКОЛОВСКА
Лектор:
БИЛЈАНА РАДЕВСКА

Росица - списание за најмали

Росица - списание за најмали

